На основа на член 20 од Уставот и член 5 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Службен весник на Р.М. Бр. 31/98) Собранието на Македонското миколошко друштво , на основачката седница одржана на ден 26.10.1998 година во Скопје го донесе следниот

# С Т А Т У Т
на
Македонско миколошко друштво

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Македонско миколошко друштво (во понатамошниот текст Друштво) е Здружение на граѓани во кое слободно и доброволно се здружуваат сите заинтересирани граѓани на Република Македонија за заедничко остварување на целите, интересите и активностите утврдени со овој Статут.

Член 2

Со овој Статут се утврдуваат: точното име и седиште на Друштвото, целите и задачите на Друштвото, облиците и начинот на дејствување, условите и начинот на пристапување и исклучување во Друштвото, правата и обврските на членовите, начинот на организирање, органите на Друштвото, начинот на избирање на органите и носителите на функциите, нивните задачи и обврски, траењето на мандатот на органите, начинот на одлучување на членовите, претставувањето и застапувањето во правниот промет и спрема трети лица, финансирањето на Друштвото, стекнувањето и располагањето со имотот, остварувањето на јавност во работата, услови за основање на ограноци (организациони единици), престанокот на работа на Друштвото, преодните и завршните одредби како и други општи акти значајни за функционирањето на Друштвото.

Член 3

Точно име на Здружението е: Македонско миколошко друштво, во скратена форма ММД.

За меѓународни контакти и соработка се користи и превод на името на англиски јазик: MACEDONIAN MYCOLOGICAL SOCIETY, во скаратена форма MMS.

Член 4

Друштвото има седиште на адреса Лабораторија МАКОМО, Институт за биологија, Природно-математички факултет, Гази Баба бб, П. фах 162.

## II. **СТАТУС НА ДРУШТВОТО**

Член 5

Друштвото има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Уставот и Законот.

Член 6

Друштвото има свој печат со округла форма и го содржи името, кружно напишано, на кирилица: Македонско миколошко друштво, а во средина на печатот е знакот на Друштвото.

Штембилот е со правоаголна форма на кој е напишано на кирилица Македонско миколошко друштво, бр.______________, ________год.

Друштвото има и печат со округла форма, кој се користи при меѓународни контакти и соработка, и го содржи преводот на името на англиски јазик, кружно напишано, на латиница: MACEDONIAN MYCOLOGICAL SOCIETY, а во средина на печатот е знакот на Друштвото.

Знакот на Друштвото е стилизирана печурка.

## III. **ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ**

Член 7

Цели и задачи на Друштвото се:

- Поттикнување и организирање на сите заинтересирани граѓани за проучување и заштита на габите;
- Учество во еколошко-таксономско, фармакогнозиско и фитохемиско испитување на габите;
- Залагање за ставање под заштита на закон на определени видови габи;
- Залагање за забрана за секакво користење на природните ресурси за определени загрозени видови габи;
- Залагање за режим на ограничено користење на природните ресурси за определени габи;
- Учество во изработка на црвена листа на габи на Република Македонија;
- Утврдување на можностите и количината за експлоатација на определени популации на самоникнати полезни видови габи, водејќи сметка притоа да не биде нарушена рамнотежата во нивните екосистеми;

- Залагање за култивирано одгледување на определени видови габи, со цел да се заштитат и сочуваат природните популации;
- Формирање на миколошка збирка на Друштвото;
- Изработка на елаборати, програми, планови и проекти за свои и потребите на други субјекти;
- Обука и едукација на заинтересирани субјекти од областа на делување со која Друштвото се занимава;
- Развивање и апликација на нови технологии во рамките на областа на делување;
- Организирање на предавања, излети, работилници, конгреси, симпозиуми и други слични собири;
- Овозможување стручна надградба на своите членови;
- Издавачка дејност на Друштвото (издавање на брошури, публикации, монографии и др.).
- Информирање на јавноста за резултатите и постигнувањата од својата работа.

Член 8

Во остварувањето на своите цели и задачи националната, верската, расната и половата припадност, како и политичкото убедување нема да имаат никакво значење, напротив Друштвото ќе се спротистави на секаква дискриминација и тоталитарна тенденција.

Член 9

За остварувањето на своите цели и задачи Друштвото соработува со научни институциии, невладини организации, државните органи на Република Македонија, фондации, земјоделско-шумарски, стопански и други субјекти како од земјава така и од странство.

Член 10

За остварувањето на своите цели и задачи Друштвото ќе основа ограноци и други облици на пониско организирање, со што ќе добие статус на сојуз. Одлука за основање на ограноци носи Собранието. Дејствувањето на ограноците се регулира со правилник кој го донесува Собранието на Друштвото.

Член 11

Друштвото може да основа единствено друштва со ограничена одговорност и акционерски друштва, за остварување на целите, интересите и активностите и за финансирање на функциите утврдени со Статутот на Друштвото.

Член 12

Друштвото може да извршува и јавно овластување доверено од министерство во чија област дејствува Друштвото, во согласност со закон.

## IV. **ЧЛЕНСТВО**

Член 13

Членството во Друштвото е индивидуално.

Членови во Друштвото можат да бидат сите државјани на Република Македонија како и државјани на други држави кои го прифаќаат овој Статут.

Член на Друштвото се станува со пристапница а при престанок на членството истата му се враќа на поранешниот член.

Сите членови се евидентираат во регистар на членството.

Член 14

За почесен член на Друштвото се прогласуваат поединци кои со своите активности го помагаат Друштвото или дејствуваат во согласност со целите и задачите зададени со овој Статут, притоа давајќи забележителен придонес за работата на Друштвото. Одлука за прогласување на почесен член донесува Собранието на Друштвото со акламација.

Член 15

Членот на Друштвото ги има следниве права и обврски:

- Активно и непосредно да учествува во креирање и спроведување на целите и задачите на Друштвото;
- Активно и непосредно да учествува во активностите на Друштвото;
- Да предлага, избира и да биде избран во органите и телата на Друштвото;
- Редовно да плаќа годишна членарина;
- Да се придржува кон Статутот на Друштвото и активно да придонесува во спроведувањето на програмските определби.

Член 16

Членството во Друштвото престанува со :

- Истапување на членот;
- Исклучување на членот;

Член 17

Условите и постапката за исклучување на член се уредува со општ акт што го донесува Собранието со мнозинство на гласови од вкупниот број на преставници.

## V. **ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО**

### 1. СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО

Член 18

Собранието е највисок орган на одлучување на Друштвото.
Собранието го сочинуваат сите членови на Друштвото.
Организацијата и функционирањето на Собранието се уредува со Статутот и Деловник за работа.

Член 19

Собранието на Друштвото:

- донесува Статут, Програма и други акти;
- усвојува годишен извештај, насоки и план за работа;
- усвојува завршна сметка и финансиски план;
- одлучува за промена на целта на Друштвото со двотретинско мнозинство од вкупното членство;
- констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- избира нови органи;
- одлучува за основање и укинување на разни облици на организирање во Друштвото;
- одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на орагинизирање на Друштвото;
- одлучува за сите облици на здружување или разделување, или било каква соработка со други субјекти;
- одлучува за престанок на Друштвото со двотретинско мнозинство од вкупното членство;
- одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на другите тела на Друштвото;
- одлучува за промени на Статутот со двотретинско мнозинство од вкупното членство;
- врши и други работи во согласност со Статутот и општите акти на Друштвото.

Член 20

Собранието работи на седници.
Седница на Собранието свикува претседателот на Друштвото.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на Претседателството на Друштвото или на 1/5 од вкупниот број на членови на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свукуваат и водат Претседателството на Друштвото или инијациторите.

Член 21

Собранието може да работи ако на седницата присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број на членови.

Собранието одуките ги донесува со мнозинсво гласови од присутните, освен за определени прашања со овој Статут за кои е потребно двотретинско мнозинство за одлучување.

Член 22

Секој член на Собранието има еден глас.

На Собранието се одлучува со јавно гласање.

Тајно гласање се спроведува при избор на органи на Друштвото или кога 5 члена дадат предлог за тоа.

Член 23

Собранието го избира Извршното тело во чиј состав мнозинството членови се државјани на Република Македонија.

## 2. ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА ДРУШТВОТО

Член 24

Претседателството е извршен орган на Друштвото.

Претседателството го сочинуваат непарен број на членови, најмалку 5, кој го определува Собранието на Друштвото. Од членовите на Претседателството се избира Претседател, Секретар и Благајник на Друштвото.

Предлог за членовите и нивните функции во Претседателството дава Собранието и за секој член во Претседателството се гласа пооделно.

Мандатот на членовите во Претседателството е 4 години со право на реизбор.

Член 25

Претседателството:

- ги подготвува седниците на Собранието;
- го подготвува нацртот на Статутот и другите одлуки кои треба да ги донесе Собранието;
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени на Собранието;
- управува и одговара за управувањето со имотот на Друштвото;

- подготвува годишен и периодичен извештај за својата работа;
- врши и други работи;

Член 26

Претседателот на Друштвото:
- ги организира и усогласува активностите на Друштвото;
- ги свикува и води седниците на Собранието;
- одлучува за употреба на материјални средства во висина определена од страна на Собранието;
- го застапува и претставува Друштвото во правниот промет и спрема трети лица;
- врши и други работи во согласност со целите на делување на Друштвото;

Член 27

Секретарот одржува врски и соработка со други субјекти и јавноста и учествува во работата на Претседателството.

Член 28

Благајникот води сметка за имотот, материјалните средства и за финансиското работење на Друштвото и учествува во работата на Претседателството.

## VI. **ФИНАНСИРАЊЕ И СРЕДСТВА НА ДРУШТВОТО**

Член 29

Друштвото средствата ги стекнува од членарина, прилози, донации, подароци и слично и со нив располага во согласност на Статутот.

Друштвото може да остварува приходи од вршење на услуги и други активности.

Друштвото може да остварува приходи и од добивката на друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво што можат да се основаат од средства на Друштвото и од други извори.

Друштвото може да добива средства од Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа и Буџетот на град Скопје.

Средствата од претходниот став од овој член можат да се добијат врз основа на претходно изготвени проекти кои ќе бидат одобрени од Владата на Република Македонија, односно надлежните министерства, советите на единиците на локалната самоуправа и Советот на град Скопје.

## VII. **ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА**

Член 30

Работата на Друштвото е јавна.

Органите на Друштвото се должни да обезбедат систем за информирање на членството, со кој секој член ќе биде запознат со целокупното работење на Друштвото.

Органите на Друштвото се должни да обезбедат систем за информирање на јавноста со активностите на Друштвото.

## VIII. **ПРЕСТАНОК НА РАБОТА НА ДРУШТВОТО**

Член 31

Друштвото престанува со работа ако:

- бројот на членови се намали под бројот потребен за основање;
- за тоа одлучи Собранието по предлог на 1/3 од членовите со двотретинско мнозинсво;

Член 32

Во случај на престанок на работа на Друштвото, со имотот располагаат основачите на Друштвото.

Претседател
д-р Митко Караделев